# СТЕРЕОТИПИ ЗА СЛОВЕНЕЧКАТА И ЗА БУГАРСКАТА КУЛТУРА

**Трајче Стамески**
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје*
*Филолошки факултет „Блаже Конески“*

# STEREOTYPES OF SLOVENIAN AND BULGARIAN CULTURE

**Trajce Stameski**
*Ss. Cyril and Methodius University in Skopje*
*„Blaze Koneski“ Faculty of Philology*

**Abstract**. If one of the basic steps in the process of creating stereotypes and prejudices is creating 'representable' categories for others based on one of their dominant characteristic, then based on these representable attributes we draw conclusions about the individuals we perceive as well as the group they belong to. In practice, the assumption of the homogeneous character of the group and stereotypes can lead to deceptive generalizations and be offensive to the individual. The idea of exploring the stereotypes for the Slovenian and Bulgarian cultures originated from a discussion during the course "Realism in Bulgarian Literature" (a compulsory subject of the Department of Macedonian Literature and Southern Slavic Literatures at the "Blaze Koneski" Faculty of Philology in Skopje), while reading Dobri Vojnikov's play "The Misunderstanding Civilization" with the students. In fact, this article summarizes the results of the opinion poll I conducted among the students on whether there are stereotypes and prejudices about the Slovenian and Bulgarian culture in our country.
**Keywords**: stereotypes; research; culture; literature; survey

## Теориско дефинирање на поимот

Во модерната терминологија, стереотипот се опишува како поедноставена ментална слика на индивидуата или на група луѓе кои делат одредени карактеристики (или стереотипни) особини. Сфатени како цврсти впечатоци за една или повеќе идеи или теории, во практиката доделувањето на стереотипите најчесто се случува несвесно и автоматски. Ние ги категоризираме луѓето врз основа на нашите претходни искуства со слични луѓе користејќи ги нашите

постоечки шеми. Стереотипите и предрасудите често функционираат надвор од нашата свест, а честопати луѓето не се подготвени да признаат дека ги употребуваат, поради што, откако ќе се утврдат, како и секоја друга когнитивна репрезентација, имаат тенденција да истраат. Современите истражувања покажуваат дека телевизијата, филмовите, социјалните медиуми се основни извори на артикулација на стереотипите и обликување на нашите верувања за другите. Исто така, социјалната средина, опкружувањето, нашите пријатели, се силен фактор на стереотипизација, поради тенденцијата да ги актуализираат овие верувања во секојдневната комуникација. (Schaller & Conway, 1999).

Бидејќи стереотипите се когнитивно достапни и затоа што изгледаат толку „автентични“, тие лесно влијаат врз нашите пресуди и носењето брзи заклучоци за оние што ги категоризираме. Затоа, некритичното толкување на површинските стереотипи и наметнатите етикети честопати доведува до погрешна перцепција и несоодветно однесување.

**Цел на истражувањето**

Идејата за ова истражување настана на часовите по предметот Реализмот во бугарската книжевност (задолжителен предмет на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје), кога заедно со студентите ја интерпретиравме драмата „Криворазбраната цивилизација“ на Добри Војников.

Всушност, овој текст ги сублимира резултатите од истражувањето на нивното мислење за тоа дали постојат стереотипи и предрасуди за словенечката и за бугарската култура кај нас.

Целна група беа студентите од четврта година на студиската група Македонска книжевност и неколку магистранти. Сите испитаници се на старосна возраст од 20 до 25 години. Со оваа анкета беа опфатени триесет студенти.

Истражувачкиот метод што го користевме за испитување на ставовите и мислењата на студентите и изработката на овој текст беше следната анкета – прашалник. Првото прашање беше: *Дали сметате дека сè уште постојат стереотипи и предрасуди за Словенците и Бугарите кај нас?*

Резултатите од обработените одговори на сите студенти покажаа драстична процентуална разлика во однос на перцепцијата на двата субјекта:

Само 30 % од испитаниците одговорија дека сè уште постојат стереотипи за Словенците, додека останатите 70 % дадоа негативен одговор на ова прашање. Обратна е ситуацијата со стереотипите за Бугарите, само 20 % од студентите немаат стереотипи кон Бугарите, но затоа останатите 80 % сметаат дека стереотипите се силно изразени и денес.

На отвореното прашање: С*тереотипите и предрасудите (за овие култури) најчесто се резултат/плод на (наведете што)*, добивме широк дијапазон на различни одговори:

– стереотипите и предрасудите постојат онаму каде што луѓето се склони да не ги прифаќаат и да не ги толерираат различните на себе, кога луѓето имаат отпор кон нешто ново, непознато и поинакво и кога немаат волја да дознаат нешто повеќе за тоа;

– недоволно познавање на другите култури (се однесува и на двете култури);

– идентитетски прашања;

– историјата, политиката, општествените промени и декларирањето;

– негативни аспекти на традицијата, во смисла на создавање искривена слика за другиот, а денес во форма на злоупотреба на информации (одговорите се однесуваат пред сè на културата на Бугарија).

На конкретното имаголошко прашање: *Како би ги опишале Словенците, а како Бугарите?*

за Словенците ги добивме следниве одговори:

– амбициозни, ладни, опортунисти;

– Словенците се хедонисти кои сакаат вкусни супи, долги прошетки и разговори;

– Словенците би ги опишал како раногерманизирана култура и нација која е спремна да го стави материјалното пред духовното;

– друштвени луѓе што ја чуваат културата и идентитетот;

– се грижат за чистотата на државата;

додека одговорите за Бугарите се следниве:

– бунтовни, забавни, традиционалисти;

– Бугарите имаат весел темперамент и цврсто изградени ставови за својата нација;

– Бугарите сè уште уживаат во балканскиот менталитет и имат бавен, но добар научно-економски прогрес;

– Бугарите имаат добри песни, убави плажи, развиена трговија со возила.

Во овој контекст би сакале да го истакнеме одговорот на една испитаничка која самата наведува дека познава навистина поголем број Бугари, сите книжевници и интелектуалци, и според неа Бугарите се сериозни во начинот на којшто ја сакаат и ја промовираат сопствената култура и дека се отворени кон нас и сакаат да соработуваме во насока да се урнат застарените и политички вештачки кренати ѕидови меѓу двете култури од минатото.

Сосема на крај во овој дел од анкетата, неколку испитаници го нагласуваат католицизмот кај Словенците, а православието кај Бугарите, иако тоа не е директно посочено во прашањето.

Вториот дел од анкетата се однесува на прашања кои ги третираат проблемите на познавањето, односно недоволното познавање на двете култури. Па, така на општото прашање: *Дали доволно ја познавате културата на Бугарите и на Словенците?* Резултатите од трите понудени опции се следниве:

| ДА | НЕ | НЕДОВОЛНО |
|---|---|---|
| 5% | 35% | 60% |

Како основни причини за недоволното познавање на културите на овие земји студентите ги наведуваат следниве фактори:

– фактот дека никогаш не ги посетиле двете земји;

– недоволна информираност поради мала застапеност во медиумите;

– неверодостојност на некои од информациите на порталите на интернет;

– јазичната бариера;

– ги познаваат овие култури само од универзитетските предавања по овие предмети и преку книжевноста што ја изучуваат на факултет.

Дел од студентите сметаат дека поголемата географска оддалеченост со Словенија влијае на спознавањето на оваа култура, додека во врска со Бугарија, посебно ја нагласуваат малата можност за размена на студенти, иако станува збор за блиска гранична култура. Исто така, мал број на студенти нагласуваат дека основни информации и знаења за овие две култури стекнуваат најчесто од учества на меѓународни литературни фестивали, додека во најголем процент информациите ги добиваат преку медиумите, социјалните мрежи и портали, како и од искуствата и мислењата на македонските иселеници.

Затоа на прашањето: *Дали сметате дека треба подобро да се запознаете со културите на овие два народа?* потврдно одговорија 90% од испитаниците. Интересни одговори добивме на прашањето: *Како подобро да се запознаат културите на другите (словенечката и бугарската)?*

Студентите сметаат дека најдобри начини за спознавање на овие две култури се:

– преку комуникација, научни екскурзии, патувања;

– преку допир со нивната уметност, литература, филм, театар, музика или други институции;

– заеднички проекти, учества на семинари и летни школи;

– размена на студенти, промоции на дела од уметноста, спортски активности и јавни дружења.

На последното прашање од анкетата: *Која личност/личности од културата ја знаете/ги знаете од Словенија, а која/кои од Бугарија?* студентите ги дадоа следниве одговори:

Личности од Словенија:

– Иван Цанкар, Франце Прешерн, Меланија Трамп, Милан Јазбец, Станка Храстељ, Славој Жижек, Јела Кречич, Барбара Погачник, Милјана Кунта, Димитриј Рупел, Лајбах, Лачни Франц, Лука Дончиќ.

Личности од Бугарија:

– Георги Господинов, Бојко Борисов, Христо Ботев, Иван Вазов, Алек Попов, Љубомир и Владимир Левчеви, Поли Муканова, Роман Кисјов, Захари Карабашлиев, Азис, Григор Димитров.

**Заклучок**

Ова истражување уште еднаш покажа дека стереотипите влијаат врз тоа како луѓето ги добиваат информациите за другите, како ги воспримаат, доживуваат, кодираат, но и како судат и реагираат на нив. Студентите кои беа опафени со оваа анкета во висок процент се согласуваат дека недоволно ги познаваат бугарската и словенечката култура. Причините за ваквото непознавање на овие култури ја детектираат во немањето можност за престој во конкретните земји, недоволна информираност преку медиумите, неверодостојност на информациите на порталите на интернет и јазичната бариера. Меѓутоа охрабрува фактот дека кај повеќето од нив постои голем интерес за запознавање на овие општества и култури преку разни начини за соработка: промоција на дела од уметноста, книжевноста, филмот, музиката, организирање на научни екскурзии, учества на семинари и летни школи и можности за размена на студенти.

**ЛИТЕРАТУРА:**

**L. Gideon Conway and M. Schaller 1998**: L. Gideon Conway and M. Schaller, Methods for the Measurement of Consensual Beliefs Within Groups//Theory, Research, and Practice by the Educational Publishing Foundation 1998, Vol. 2, No. 4 https://www2.psych.ubc.ca/~schaller/ConwaySchaller1998.pdf

**T. Fiske 2000:** T. Fiske, S. Stereotyping, prejudice, and discrimination at the seam between the centuries: evolution, culture, mind, and brain // European Journal of Social Psychology. First published: 22 May 2000 <https://doi.org/10.1002/(SICI)1099-0992(200005/06)30:3<299::AID-EJSP2>3.0.CO;2-F> (24.12.2018).

✉ **Трајче Стамески**
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје*
*E-mail: tstameski@gmail.com*

Авторот е доцент на катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности. Учесник на повеќе национални и меѓународни конференции. Есеист, критичар, автор на книгата „Наратолошки аспекти на волшебните приказни кај Марко Цепенков“. Потесна специјалност: македонска народна книжевност, нова српска книжевност и нова бугарска книжевност.